ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бр.5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA CERTIFIED EN ISO 9001 CERTIFICATE NO. 20 100 131352879 TÜV AUSTRIA CERT GMBH

`Датум: 29 февруари 2016

# СООПШТЕНИЕ

## Електронски барања за специјализирана медицинска рехабилитација, за рефундација за патни трошоци, како и рефундација на ортопедски помагала



Фондот за здравствено осигурување на Македонија продолжува да промовира нови електронски услуги, во рамки на месец февруари кој е прогласен за месец на електронски услуги. Денес, Фондот на својот портал промовира три нови електронски услуги и тоа за остварување на право на специјализирана медицинска рехабилитација, барање за рефундација за патни трошоци и рефундација на ортопедски помагала. Овие права се гарантирани врз основа на закон и отсега нашите осигуреници ќе имаат можност да ги добијат поедноставно, побрзо и поефикасно по електронски пат. Денес ги промовираме следните три нови електронски услуги:

- **Електронско барање за остварување на право на специјализирана медицинска рехабилитација**
- **Електронско барање за рефундација за патни трошоци**
- **Електронско барање за рефундација на ортопедски помагала**

Првата услуга е поднесување на барање по електронски пат за остварување на право на специјализирана медицинска рехабилитација (продолжено болничко лекување во бања), со која, овозможуваме секој осигуреник да може да поднесе барање за остварување на право за рехабилитација по донесено мислење од Лекарска комисија. До сега осигурениците по добиено отпусно писмо/специјалистички извештај и конзилијарно мислење од соодветната клинка, ги носеа медицинските наоди во лекарската комисија на Фондот, заедно со барање за да добијат мислење за остварување на право на специјализирана медицинска рехабилтиацијa. По добивање на позитивно мислење од лекарската комисија, осигурениците ги доставуваа документите и барањето во подрачната служба на Фондот, за да добијат решение врз основа на кое можат да го остварат правото на специјализирана медицинска рехабилитација. Со тоа решение, осигурениците сами бираат во која здравствена установа сакаат да ја добијат оваа здравствена услуга.

Адреса: Македонија бр.5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA
CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131352879
TÜV AUSTRIA CERT GMBH

Со новата услуга, сега осигуреникот може да поднесе електронско барање, каде што сите документи ќе може да ги скенира (отпусно писмо за завршено болничко лекување/специјалистички извештај, конзилијарно мислење и Наод, оценка и мислење на лекарска комисија на Фондот) и да ги прикачи преку својот профил на веб порталот на Фондот. Со оваа електорнска услуга кратиме време и осигурениците веќе немаат потреба да одат во подрачната служба за да го добијат решението. Статусот на своето барање можат да го следат во секое време. Единствено самото решението за специјализирана медицинска рехабилитација осигурениците и понатаму ќе го добиваат по пошта. Од оваа услуга бенефит ќе имаат 4496 осигуреника кои во 2015 година оствариле право на медицинска рехабилитација на товар на Фондот.



Втората услуга е поднесување на електронско барање за повраток на средства за патни трошоци за дијализа и за вежби за видот, слухот и говорот. Сите осигуреници кои одат на дијализа и патуваат за да ја добијат оваа здравствена услуга и заради тоа имаат патни трошоци, од сега ќе можат барањето за рефундирање на средства за транспорт да ги доставуваат електронски на веб порталот на Фондот. Пропратните документи како потврда за број на извршени здравствени услуги во претходниот период од соодветната здравствена установа која има склучен договор со Фондот, потврда од здравствена установа каде е извршена хемодијализата дека нема организиран превоз може да ја прикачат електронски на порталот на Фондот. Од новата електронска услуга бенефит ќе имаат 228 осигуреници, за кои минатата година (2015) издадени се вкупно 925 решенија за рефундација на патни средства по основ на дијализа и слух и говор. За рефундација на патни трошоци во 2015 година Фондот има исплатено 741.135 денари.

Третата услуга е поднесување на електронско барање за рефундација на ортопедски помагала. Осигуреникот може да направи рефундација за следново:

- Ортопедски и други помагала за кои Фондот нема склучено договор за испорака со правен субјект, а истите се на Списокот на ортопедски и други помагала;
- Ортопедски и други помагала за кои Фондот има склучено договор само со еден правен субјект, но од објективни причини правниот субјект не е во можност да изврши испорака, за што е доставено известување до Фондот.

Адреса: Македонија бр.5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk



Рефундацијата на ортопедски помагала може да се изврши само доколку претходно е извршена заверка на ортопедското помагало.




При рефундација на ортопедски помагала се рефундира референтната цена која ја одредува Фондот и ја доделува за секој вид помагало, намалена за износот на партиципација кој се одредува во зависност од старосната група и видот на помагалото. Видот на помагалото и неговата референтна цена се утврдени со Списокот за ортопедски и други помагала кој е составен дел од Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала е достапен на веб страницата на Фондот. Бенефит од новата електронска услуга на фондот ќе имаат 182 осигуреника, за кои во минатата 2015 година за рефундација на ортопедски помагала издадени се 259 решенија, во износ од 352.988 денари.

Со новите електронски услуги за е-барање за рефундација, осигурениците ќе може самостојно да поднесат електронско барање како и да ги прикачат сите потребни документи (скенирани) преку својот профил на порталот на Фондот. Истите ќе треба да ги потпишат со својата електронска здравствена картичка. Осигуреникот преку порталот ќе може да го следи статусот на своето барање во кој се наоѓа со што во секое време ќе има информација до каде е неговиот предмет на решавање и кога ќе се рефундираат средствата.

За користење на овие услуги, осигуреникот треба да биде регистриран на порталот на ФЗОМ (да има сопствен профил на порталот), да има компјутер со интернет пристап, како и читач и електронска здравствена картичка.

До сега барањата за остварување на право за рефундација по овие основи се доставуваа на шалтер во подрачните служби од страна на осигурениците.

<u>Со новите електронски услуги ги постигнуваме следниве цели:</u>

- ✓ Поедноставување на постапката за поднесување барање за рефундација за ортопедски помагала и граѓпатни трошоци;
- ✓ Поедноставување на постапката за поднесување барање за остварување на право за медицинска рехабилитација;

Адреса: Македонија бр.5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA
CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131352879
TÜV AUSTRIA CERT GMBH

- ✓ Информација за статусот на барањето за рефундација во било кое време;
- ✓ Информација за рефундација на средства

Со денешниот прес продолжуваме да работиме на остварување на целта, е-Фонд, со цел осигурениците, овластените лица од компаниите, здравствените работници да добиваат ефикасна, навремена и професионална услуга кога истата им е потребна. За поедноставно и точно информирање кои се потребните чекори и како да се користи електронската услуга, Фондот изготви видео туторијали, кои се краток и едноставен водич како чекор по чекор за начинот како да се користат електронските услуги на Фондот. Првите готови видео туторијали за услугите за кои очекуваме да има најголем интерес и најголем број на достави а тоа се следниве.

- Е-барање од осигуреник/овласено лице  за надомест по основ на боледување со електронски ИСР;
- Електронско барање за надомест по основ на боледување без електронски ИСР;

- Е-барање од матични лекар/специјалисти од соодветна специјалност за заверка на ортопедски помагала;
- Е-барање од матични лекари за издавање на Извештај за привремена спреченост од работа

За неколку дена на веб страницата на Фондот ќе бидат објавени и видео туторијали за следниве електронски услуги:

- Е-барање од осигуреник за рефундација на болничко лекување
- Е-барање од осигуреник зарефундација на лекови на рецепт
- Е-барање од осигуреник за рефундација на вграден потрошен материјал
- Е-барање од осигуреник за повеќе наплатена партиципација
- Е-барање од осигуреник за ослободување од партиципација
- Е-барање од осигуреник за рефундација на патни трошоци
- Е-барање од осигуреник за рефундација на ортопедски помагала
- Е-барање од осигуреник за остварување на право на специјализирана медицинска рехабилитација

Видео туторијалите се објавени на веб страницата на Фондот на следниов линк:
http://www.fzo.org.mk/default.asp?ItemID=03745AB41443004A8EAB9A0105914B95

Или на линкот на Фондот на you tube:
https://www.youtube.com/channel/UCXc5Hr1czS6RKf8-4CDFRVA